РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 03-1055/1
23.12 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP


**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: contact@amm.org.mk


Врз основа на член 76-ж и 77-а од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 6 став 2 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивното бодување во Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје, Известување од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-8252/2, в.д. директорот на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2020

Се распишува Интерен оглас за пополнување на едно работно место со распоредување/ унапредување и тоа:

**1. Домаќин,** Категорија Б помошно-технички лица за одржување на објектите и опремата, ниво Б2, шифра КУЛ 04 01 Б02 003, Одделение за административни, општи и правни работи и човечки ресурси, Сектор за административни, општи и правни работи и човечки ресурси - 1 (еден) извршител

**Посебни услови**:

Степен и вид на образование:

- ниво на образование: средно образование
- вид на образование: општа гимназија, средно стручно-електротехничко

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку една година на тековното работно место и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Распоред на работното време:**

Дневното и неделното работно време е од 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот, од понеделник до петок.

Основната нето плата за огласеното работно место изнесува 21.086,00 денари.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје до Одделението за административни, општи и правни работи и човечки ресурси или до службената електронска адреса на музејот contact@amm.org.mk

Рокот за поднесување на пријавата (прилог на овој оглас) со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремените, нецелосните и неуредните пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Скопје, 23.12.2020 година

НУ Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје

в.д. директор
Славица Бабамова

Изработил: А. Трајковиќ

| ПРИЈАВА<br>**На оглас за унапредување во Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје** | |
|---|---|
| | |
| **1. Податоци за огласно за унапредување:** | |
| Број на оглас: | |
| Назив на установата: | |
| Реден број на работно место во огласот за кое се пријавувате: | |
| **2. Лични податоци** | |
| Име и презиме: | |
| Датум и место на раѓање: | |
| Пол: | |
| ЕМБГ: | |
| Припадност на заедница: | |
| Адреса на живеење (улица и број, место): | |
| Контакт адреса (улица и број, место: | |
| Контакт телефон: | |
| e-mail адреса: | |
| **3 Податоци за исполнување на посебните услови:** | |
| Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС: | |
| Вид на образование (образовна институција, насока, држава на завршување на образованието, датум на стекнување на образованието, односно датум на дипломирањето): | |
| Просечна оценка, односно постигнат просечен успех: | |
| Работно искуство: | |
| Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места во Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје: | |
| **Кон пријавата доставувам:** | |
| Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на установата ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена на нотар | |
| Се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку SMS порака на доставениот мобилен телефон. | |
| **НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисфалификува од натамошната постапка. | |
| **Датум на пријавување:** | |
| **Потпис на кандидатот:** | |